## ИЗВЕСТУВАЊЕ
## ЗА ИСПИТ ЗА МЕДИЈАТОРИ ВО МАРТОВСКА СЕСИЈА 2020 година

I. Кандидатот што се пријавува за испитот за медијатор кој нема завршено обука за медијатор, треба да ги достави следните документи:

- барање во кое читливо ќе бидат наведени личните податоци, точната адреса, број на телефон (мобилен, домашен или од работното место), единствен матичен број, со **уплатница** (образец ПП/50) за уплатени парични средства за административна такса во износ од **50,00 денари**, назив на примачот - Буџет на Република Северна Македонија, банка на примачот-Народна банка на Република Северна Македонија, трезорска сметка на Народна банка на Република Северна Македонија бр. 1 000 000 000 63 095, уплатна сметка 840***03161 (трите ѕвездички се однесуваат на шифрата на општината во која подносителот е жител), приходна шифра 72 23 13, програма 00;
- доказ за завршено високо образование VII/I или стекнати 300 кредити според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) во Република Северна Македонија или решение за признавање на соодветна високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерството на образование и наука;
- доказ за завршена обука според акредитирана програма за обука на медијатори од најмалку 70 часа во Република Северна Македонија, односно странство, или решение за признавање на соодветна обука завршена во странство донесено од Одборот;
- доказ за работно искуство од најмалку три години по дипломирањето;
- доказ за проследени најмалку четири постапки за медијација спроведени од медијатор за што е издадена потврда од медијатор поткрепена заедно си извод од Регистарот за евиденција на постапките за медијација за соодветните постапки;
- доказ за спроведен психолошки тест и тест на интегритет издаден од лиценцирано стручно лице;
- најмалку пет препораки од лица кои професионално го познаваат апликантот и
- уверение за државјанство на Република Северна Македонија.

II. Кандидатот што се пријавува за испитот за медијатор кој е запишан во Именикот на медијатори, како и лицата кои имаат завршено обука за медијатори, согласно Законот за медијација („Службен весник на РМ“ бр.60/06, 22/07 и 114/09), треба да ги достави следните документи:

- барање во кое читливо ќе бидат наведени личните податоци, точната адреса, број на телефон (мобилен, домашен или од работното место), единствен матичен број, со **уплатница** (образец ПП/50) за уплатени парични средства за административна такса во износ од **50,00 денари**, назив на примачот -Буџет на Република Северна Македонија, банка на примачот - Народна банка на Република Северна Македонија, трезорска сметка на Народна банка на Република Северна Македонија бр. 1 000 000 000 63 095, уплатна сметка

840***03161 (трите ѕвездички се однесуваат на шифрата на општината во која подносителот е жител), приходна шифра 72 23 13, програма 00;

- доказ за спроведен психолошки тест и тест на интегритет издаден од лиценцирано стручно лице;
- најмалку пет препораки од лица кои професионално го познаваат апликантот и
- уверение за државјанство на Република Северна Македонија.

III. Секој кандидат треба да достави и:

Уплатница на образец ПП/50 со следните податоци:

- цел на дознака- **полагање на испит за медијатор**;
- назив на примачот- **Министерство за правда**;
- банка на примачот-НБРМ;
- сметка - **100000000063095**;
- износ - **9.000,00 денари**;
- сметка на буџетски корисник- **070010014063112**;
- приходна шифра и програма – **723013-10**.

IV. Потребните документи (во оригинал или во фотокопии заверени кај нотар) се поднесуваат од **11 февруари најдоцна до 25 февруари 2020 година** во архивата на Министерството за правда, ул.„Димитрие Чуповски" бр.9 Скопје со назнака Министерство за правда – Одбор за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата.

V. Некомплетираните документи нема да се разгледуваат.

VI. Кандидатот кој ги исполнува условите за полагање на испитот за медијатор, ќе биде известен за времето и местото за спроведување на испитот најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страната на Министерството за правда и Јавниот радиодифузен сервис.